# ГОДИШЕН ПЛАН

на Одделението за внатрешна ревизија во

*ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР*

за 2024 година

*Декември, 2023 година*

*Демир Хисар*

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2024 година

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии за 2024 година

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

V. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

Годишниот план за 2024 година е изготвен врз основа на Стратешкиот план за 2024-2026 година на внатрешната ревизија донесен од страна на Градоначалникот на општината Демир Хисар. Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на ЕВР од Стратешкиот план 2024-2026 година со што се одредени целите, опфатот и ресурсите кои се потребни за извршување на секоја поединечна ревизија за 2024 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Секоја промена на Годишниот план ја одобрува градоначалникот на општина Демир Хисар.

## II. ВРСКА НА СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

### 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечните ревизии планирани за 2024 година усогласени се со усвоениот Стратешки план за ревизија 2024-2026 година. Односот помеѓу задачите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план прикажан е во следната табела:

***Табела 1: Врска на планираните ревизии во Стратешкиот и Годишниот план***

| **Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план** | **Планирани ревизии во тековната година** |
|---|---|
| *Спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи во 2023 година* | Ревизија на следење на спроведување на препораки по ревизорски извештаи во 2023 година |
| *Процес на управување со ризиците* | Ревизија на процесот на управување со ризиците во општина Демир Хисар |
| *Процес на легализација на бесправно изградени објекти во општина Демир Хисар-предмети решени во 2022 и 2023 година* | Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградените објекти во општина Демир Хисар |
| *Финансиските извештаи* | Ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за 2023 година на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар |
| *Анализа на расходите остварени во финансиските извештаи* | Ревизија на расходите во финансиските извештаи во детската градинка „Втори септември“ Демир Хисар |
| *Плаќање на обврските* | Системска ревизија на процесот на плаќање на обврските кај ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван за 2023 година |

### 2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешна ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија:

*Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР*

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1. | Ревидирање на подрачја кои не биле предмет на внатрешна ревизија | Навремено извршување на планираните ревизии, давање на препораки за отстранување на недостатоците | -Процес на управување со ризиците<br>-Регуларност на процесот на легализација на бесправно изградени објекти |
| 2. | Зајакнување на системот на управување и контроли на ревидираните активности, процеси и организациони единици | Навремено извршување на планираните ревизии, давање на препораки за отстранување на недостатоците | -Системска ревизија на процесот на плаќање на обврските во ОУ „браќа Миладиновци“ с.Жван Демир Хисар |
| 3. | Поттикнување иницијатива утврдени со ревизорските извештаи за донесување на стратешки, интерни документи и нивно навремено ажурирање; | Навремено извршување на планираните ревизии, давање на препораки за отстранување на недостатоците | -интерни контроли кај финансиското работење |
| 4. | Зајакнување на контролата за спроведување на препораките по дадени наоди од извршените ревизии | Барање за доставување извештај од секој Раководител на ревидираната единица за спроведување на препораките од ревизорски извештаи. | - Ревизија на следење на спроведување на препораки по ревизорски извештаи во 2023 година во општината Демир Хисар |
| 5. | Зајакнување на капацитетот на одделението за внатрешна ревизија | Обуки, техничко допремување Доекипирање на одделението | |

Навременото извршување на планираните ревизии врз основа на проценка на ризик, независното и објективно оценување со цел подобрување на работењето на субјектот и на ефективноста на системите за внатрешна контрола со детален осврт на сите аспекти значајни за процесите кои се предмет на ревизија и давање соодветни препораки за

отстранување на недостатоците откриени во ревидираните субјекти ќе овозможат остварување на целите на Одделението за внатрешна ревизија.

## III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2024

### 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

Со Годишниот план за 2023 година беа планирани 7 поединечни ревизии, од кои извршија 5 ревизии. Едната од двете неизвршени ревизии беше планирана како ад хок по барање на градоначалникот. Во 2024 година ќе биде пренесена ревизијата којашто беше претходно планирана во 2023 година, а не се изврши.

### 3.2. Поединечни ревизии во 2024 година

Внатрешна ревизија во 2024 година ќе ги спроведе следните поединечни ревизии поради реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за период 2024-2026 година како што следува:

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на следење на спроведување на препораки по ревизорски извештаи во 2023 година во општината Демир Хисар |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | среден |
| Цел на ревизијата: | Имплементирање на дадените препораки |
| Опфат на ревизијата: | Следење на спроведувањето на препораките од ревизорските извештаи |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | Сите ревидирани субјекти во 2023 година |
| Институции во надлежност | Општината, јавните институции и установи |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација, интервјуа |
| Име на ревизијата: | Процесот на управување со ризиците во Општина Демир Хисар |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | Среден |
| Цел на ревизијата: | Функционирање на интерните контроли |
| Опфат на ревизијата: | Следење на процесот на управување со ризиците при работењето |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | Одделение за финансиски прашања при Општина Демир Хисар |
| Институции во надлежност | |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација |
| Име на ревизијата: | Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградени објекти во општина Демир Хисар |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) : | Среден |
| Цел на ревизијата: | Усогласеност со законите |
| Опфат на ревизијата: | Процесот на легализација на бесправно изградените објекти |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | Одделение за урбанизам при општина Демир Хисар |
| Институции во надлежност | |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на регуларност на финансиските извештаи на ЈП „ДЕХИ Транс“ Демир Хисар |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | Среден |
| Цел на ревизијата: | Усогласеност со законите |
| Опфат на ревизијата: | Финансиските извештаи за 2023 година |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | |
| Институции во надлежност | ЈП „ДЕХИ Транс“ Демир Хисар |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација, интервјуа |
| Име на ревизијата: | Ревизија на расходите во финансиските извештаи во детската градинка „Втори септември“ Демир Хисар за 2023 година |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | Среден |
| Цел на ревизијата: | Функционирање на интерни контроли и усогласеност со законите |
| Опфат на ревизијата: | Анализа на остварените расходи во финансиските извештаи за 2023 година |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | |
| Институции во надлежност | Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација |
| Име на ревизијата: | Системска ревизија на процесот на плаќање на обврските кај ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван,Демир Хисар во 2023 година |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | Среден |
| Цел на ревизијата: | Функционирање на интерните контроли |
| Опфат на ревизијата: | Следење на контролниот систем во процесот на плаќање на обврските |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | |
| Институции во надлежност | ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени според следниот распоред:

***Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци***

| Име на ревизија | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на следење на спроведување на препораки по ревизорски извештаи во 2023 година во општината Демир Хисар | x | x | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на процесот на управување со ризиците во општина Демир Хисар | | | x | x | | | | | | | | |
| Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградените објекти во општината | | | | | x | x | | | | | | |
| Ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за 2023 година на ЈП„ДЕХИ Транс“ Демир Хисар | | | | | | | x | x | | | | |
| Ревизија на расходите во ЈОУДГ„Втори септември“ Демир Хисар | | | | | | | | | x | x | | |
| Системска ревизија на процесот на плаќање на обврските во ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван, Демир Хисар | | | | | | | | | | | x | x |

### 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

1.Изготвување на Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните котроли за 2023 година;

2.Континуирано следење на законската регулатива;

3.Посета на обуки и работилници од областа на внатрешната ревизија;

4.Следење на спроведувањето на препораките и на ефектите од нивната реализација;

5.Ажурирање на Стратешкиот и изготвување на Годишниот план за следната година,

6. Можност за извршување на ревизии на барање на раководството (ad hoc ревизии)

7. Соработка со ЕВР воспоставени во институциите од надлежност,

8.Организација на квартални/полугодишни состаноци и сл.

## IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

### 4.1. Утврдување на можен број на ревизорски денови во годината

Можен број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор во ЕВР.

***Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2024 година***

| | |
|---|---|
| Вкупен број на денови во годината | 366 |
| Вкупно работни денови во годината | 221 |
| Вкупен број на неработни денови (празници) | 15 |
| Вкупен број на неработни викенд денови | 104 |
| Вкупен број на неработни денови од годишен одмор | 26 |

### 4.2. Пресметката на потребното време за активностите во Годишниот план

Задачите на ревизијата и потребните денови се доделуваат на активностите во Годишниот план како што следува:

***Табела 5: Пресметка на потребното времето за ревизорските активсности во 2024година***

| | |
|---|---|
| Вкупен број денови потребни за реализација на планираните ревизии по еден внатрешен ревизор | 192 |
| Вкупен број денови потребни за реализација на останатите активности на Одделението за внатрешна ревизија 15% | 29 |
| Просечен број на денови за извршување на поединечна ревизија | 32 |
| Број на планирани ревизии за 2024 година | 6 |

## V. ЗАКЛУЧОК

Во текот на 2024 година, внатрешната ревизија ќе ги фокусира своите активности на:

-обезбедување на квалитетот на ревизијата и извршување на Годишниот план,

-зајакнување на системот на внатрешна контрола во општината и институции во надлежност,

-примена на нови стандарди на работа, во врска со развојот на методолошки пристап кон вршењето на функцијата на внатрешна ревизија,

-обезбедување на постојана стручна обука за стекнување на нови и проширување на постоечките знаења и вештини, во согласност со применливите упатства за континуиран професионален развој на внатрешните ревизори во јавниот сектор.

Планираните активности во рамки на Годишниот план за внатрешна ревизија за 2024 година ќе овозможат насочување на Одделението за внатрешна ревизија кон остварување на утврдените цели.

Како потврда за тоа е фактот што истите се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола.

Бр. 16-1188/5

Датум: 12.12.2023 година

| | |
|---|---|
| Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Градоначалник на општина Демир Хисар |
| Валентина Павловска | Никола Најдовски |
| В.Павловска | |